


# ПРОГРАМА ЗА КОРПОРАТИВНА ИНОВАТИВНОСТ

ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

# ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОРПОРАТИВНА ИНОВАТИВНОСТ

Целта на програмата е да се промовира иновацијата и конкурентноста кај сите видови на претпријатија преку поттикнување на соработка, инвестиции и воспоставување на партнерства помеѓу корпоративниот сектор од една и стартапите од друга страна.





# ПРИДОБИВКИ ЗА СТАРТАПИТЕ

- Финансиска и техничка поддршка во завршните фази на развој на нивниот иновативен производ/услуга
- Поддршка при пласман на производите/услугите
- Поддршка во унапредување на квалитетот на производот
- Поддршка при креирање на бренд идентитет и пазарен пристап
- Поддршка за подобрување на својот процес на работење
- Поддршка за стекнување на одредени вештини
- Индиректно учење и трансфер на know-how и знаење преку менторирање



# ПРИДОБИВКИ ЗА КОРПОРАТИВНОТ СЕКТОР

- Внесување на претприемачки дух во корпоративната култура
- Инволвирање на постоечки големи брендови
- Решавање на деловни проблеми
- Проширување на идни нови пазари



# ПРИДОБИВКИ ЗА ОШТЕСТВОТО

- Градење на партнерства и трансфер на знаење од корпоративниот сектор кон стартапите и обратно, преку вклучување на иновации во портфолиото на производи и услуги на претпријатијата од корпоративниот сектор
- Зголемено учество на корпоративниот сектор во развој на стартап екосистемот
- Зголемување на степенот на одржливост на стартап бизнисите на пазарот
- Градење на иновативна економија и
- Поттикнување на општествената одговорност

# МОДЕЛИ НА СОРАБОТКА

- ЕДНОКРАТНИ НАСТАНИ
- ГРАДЕЊЕ ПАРТНЕРСТВО
- СПОДЕЛУВАЊЕ НА РЕСУРСИ
- ИНВЕСТИРАЊЕ
- ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈ НА БИЗНИСОТ
- ПРЕЗЕМАЊЕ



# НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За остварување на партнерството потребно е претпријатието до Фондот да достави предлог-концепт (образец) за партнерство или соработка со Фондот чија цел ќе биде развивање на корпоративната иновативност во согласност со предложените модели на соработка.



# ПОСТАПКА НА ИЗБОР НА ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД КОРПОРАТИВНИОТ СЕКТОР КАКО ПАРТНЕРИ НА ФОНДОТ

Одобрувањето на предлог-концептите ќе се врши според следните критериуми:

- Усогласеност на предлог-концептот со целите на Програмата за корпоративна иновативност и предложените модели на соработка
- Квалитет на предложениот концепт
- Опсег на понудена поддршка за стартапи
- Референтна листа на реализирани проекти наменети за директна или индиректна поддршка на стартапи/ стартап екосистемот и развој на иновации и
- Годишен приход на компанијата.



WWW.FITR.MK